вечер
...прв дознава.

# Имате одличен прогрес, но треба уште да работите!

Треба засекогаш да се искорени мешањето на политиката во бизнисот, порача Зафировски



"Македонија направила одличен прогрес од моето последно доаѓање во земјава пред шест месеци. Економијата расте, извозот е зголем за 50 проценти, забележителна е борбата против корупцијата. Тоа се добри знаци дека Македонија прави добар напредок не само дома, туку и во релациите со НАТО и со Европската унија". Вака македонецот Мајк Зафировски, кој е претседател и извршен директор на канадската компанија "НОРТЕЛ Нетњоркс" ја оцени неколкудневната посета на земјава во друштво на тројца успешни менаџери од САД и од Канада, кои одржаа две работилници во Охрид и Скопје пред триесетина потенцијални претприемачи и се сретнаа со поранешниот и со сегашниот претседател на земјава, Киро Глигоров и Бранко Црвенковски, а вчера и со премиерот Никола Груевски и целиот владин кабинет.

- Бизнис климата се подобрува. Но, има уште многу да се сработи на реформите во судството, во образованието, во обуката на работна сила и во подобрувањето на телекомуникациските услуги. За поздравување е намалувањето на даноците и на бирократските процедури што ги направи Владата. Треба засекогаш да се искорени мешањето на политиката во бизнисот - порача Зафировски.

Премиерот Никола Груевски рече дека Владата е сконцентрирана токму на областите што ги посочи познатиот бизнисмен. Груевски побарал од бизнисмените да лобираат и да даваат препораки за инвестиции во Македонија.

Зафировски и членовите на Бордот на "Македонија 2025" вчера ја посетија економската зона Бунарџик. Тие искажаа импресии како тече изградбата на фабриката на Џонсон Контролс.

- Пред шест месеци беше само земја, а сега има подигнато фабрика. Ја посетивме и компанијата Хај-тек во скопско Орешани. Она што го видовме ни дава доверба да го кажуваме кај нашите пријатели да дојдат во Македонија и да ги видат можностите за инвестирање. Конкуренцијата е важна и треба да се стремите да се зголемува, како што тоа се прави во телекомуникациите. Малото стопанство, високата и информатичката технологија, производството на храна и туризмот, за странските инвеститори се потенцијални сектори во кои би можеле да инвестираат - потенцира Зафировски.

Бизнисмените од "Македонија 2025" во изминатите четири дена разгледале девет бизнис планови на домашни претприемачи, оценувајќи ги како успешни. Освен совети за развој на плановите, тие ќе им доделат и награда од по 1.000 евра поединечно за почнување на проектите.
***Светлана БЛАЖЕВСКА***